**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-600/**

# З А П И С Н И К

**Од105-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 22.01.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Гајур Рамадани, Анита Латифи и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ,Виолета Димевска-раководител на Одделение за реализација и планирање на буџети МРТ,Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Мери Попова-уредник на Културно-уметничка програма во МТВ,Елена Наков-струченсоработник во Одделение за правни работи,Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација при МРТ и Дарко Стефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ. |

Седницата започна во 12:10 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 104-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средства.

3. Разгледување на Информација од Главниот и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ и Директорот на МРТ по предходни заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

4. Разгледување на Информација од уредникот на Културно-уметничката програма на МТВ по однос на изборот за претставник на Евросонг 2020 г.

5. Информација по однос на корекциите на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

6. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 104-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 104-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Снежана Клинчарова достави забелешки по однос на записникот од 104-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 104-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со забелешките.
Програмскиот совет на МРТ **едногласно го усвои** запсиникот од 104-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни План за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средства.
Вики објсани дека во рамки на реализацијата на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година се спроведе тендерска постапка за **Набавка на делови со сервис за поправка и одржување на лифтови (точка 11г** од **Дел I - Набавка на стоки за редовно работење).** Од причина што се очекуваше оваа набавка да се реализира во почетокот на 2020 година, истата не беше планирана во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година. Меѓутоа, оваа постапка заврши со Одлука за поништување (арх бр. 05-257/8 од 20.01.2020г.),односно не се реализираше. Ова предизвика потреба од пренамена на одредени планирани износи во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, односно намалување на планираните износи на дел од ставките во Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година и воведување на нова ставка.

За сметка на овие намалувања на наведените ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година во **Дел I - Набавка на стоки за редовно работење** се вметнува нова ставка под реден број **10 ѓ** со наслов **Набавка на делови со сервис за поправка и одржување на лифтови** со проценета вредност во износ од 300.000 денари (без ДДВ).
Планираните износи кај другите ставки во Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година остануваат непроменети.Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надозрниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година, и даде согласност на истиот.

Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18 247/18 и 27/19), и член 37,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на МРТ на својата 105-та седница одржана на 22.01.2020 година,по разгледувањето на Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година со пренамена на средства, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за усвојување на План за изменување на**
**Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година**
**со пренамена на средства**

**I.** Програмскиот совет на МРТ, го разгледа и го усвои Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година со пренамена на средства.

**II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**III.** Примерок од Одлуката да се достави до:

- Сектор за правни работи и човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Сектор за комерција и јавни набавки;
- Одделение за планирање и реализација на буџети;
- Одделение за поддршка на ПС и НО;
- Архивата на МРТ.

По расправата Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средтсва** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација од Главниот и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ и Директорот на МРТ по предходни заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**

По оваа точка согласно брањето од Заклучокот донесен на 103 та седница на советот одржана на 26.12.2019 година,беа доставени копии од Договорите за копродукција со продукциите ОХО и Рифенштал а за проектите „Преспав“, „5+“ и „Дајте Музика“.

По раагледувањето на договорите Претседателката на Програмскиот совет Смилка Ј Саркањац постави прашање до Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ кој беше присутен на седницата дали предходно за овие договори бил информиран Надзорниот одбор на МРТ согласно Статутот на МРТ,бидејќи ги надминуваат предвидените среедства од 3.000.000,00 денари.

Претседателот на Надзорниот одбор одговори дека Надзорниот одбор до сега не добил известување за овие Договори за копродукција ниту пред да бидат склучени ни после тоа, и дека и тие известувања што до сега ги добиваат не ги разгледуваат бидејќи истите се без суми,за што е реагирано на неколку наврати до Одговорните уреници кои ги доставуваат.

Членот на советот Златко Јанковски констатира дека согласно Членот 5 во неговите три последни става од Договорот за копродукција во случајов за проектот „Дајте музика“ е реглуриан делот за авторските права односно стои дека МРТ треба да добие на писмено од копродуцентот во случајов продукцијата „Рифенштал“ писмени договори дека се уредени правата со авторите,изведувачите и сите други лица кои учествуваат во реализација на програмскиот материјал, како и со оние чии авторски дела ќе бидат користени во ТВ проектот,исто така да се достави до МРТ доказ дека се извршени плаќања за предвидени надоместоци за автоприте,изведувачите и други лица ангажирани од Рифенштал кои учествуваат во проектот, како и да се уредат односите со другите автори кои ќе бидат ангажирани во копродукцијата за реализација на проектот во случајов „Дајте музика“.И во

продолжение го наметна прашањето дали сите овие одредби биле испочитувани пред да биде исплатен овој ТВ проект.
Елена Наков стручен соработник во Одделението за правни работи која беше присутна на седницата одговори дека со Допис бр. 03 3867/6 од 29.07.2019 година, одделението за правни и нормативни работи има информирано и побарано дека е потребно да се обезбедат сите потребни докази – согласности во писмена форма со кои се отстапени правата од сите автори на делото ,,Дајте музика”-првичниот проект.
Правната служба постапува согласно добиени барања со пропратна документација доставена од одговорните уредници на двата програмски сервиси и по изработување на Договорот истиот по неговото потпишување од двете договорни страни го заведува и архивира со што завршува обврската на ова одделение согласно Правилата за набавка на програма. Примерок од Договорите се доставува до сите сектори кои е потребно да бидат запознаени.

Членот Златко Јанковски по расправата по оваа точка предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ согласно член 5 од Договорот за копродукција со продукцијата Рифенштал ДОО Скопје („Дајте музика“), да ги достави до Програмскиот совет на МРТ,сите писмени договори со кои се уредени правата со авторите,изведувачите и други лица ангажирани на проектот,како и доказ за обезбедени авторски права за нумерите-изведбите што се изведувале во проектот, како и за други права што прозилегле од договорот.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.
Ивана Трајквоска побара по основ на предходните Заклучоци по оваа точка да се достави до советот на УСБ стили или на некој друг начин сите емисии од „Дајте музика“ кои како што тврдеа уредниците се корегирани, како и оние кои биле исфрлени од програма и не биле емитувани на програмите на МТВ.

**ТОЧКА 4:Разгледување на Информација од уредникот на Културно-уметничката програма на МТВ по однос на изборот за претставник на Евросонг 2020 г.**
Уредникот на Културно-уметничката програма на МТВ Мери Попова информираше пред присутните по однос на изборот за претставник на Евросонг 2020, и притоа истакна дека Македонската Радио Телевизија како активна членка на Европската радиодифузна унија и годинава ќе учествува на Изборот за песна на Евровизија, што ќе се одржи во мај во Ротердам, Холандија.
Во таа насока Првиот програмски сервис на МРТ организираше затворена дебата на 28.11.2019 во просториите на ЈРП МРТ на којашто беа поканети и учествуваа автори (композитори, текстописци, аранжери), новинари кои ја следат евровизиската сцена и претставници на ОГАЕ (евровизиски фан клуб на Македонија), при што беа изнесени слични ставови со мислењата на уредниците од Програмскиот колегиум на МТВ1, оваа година да се прифати минатогодишниот модел на изведувач(и)–автор(и).МРТ изврши анализа на досегашните учества на Евровизија, ја зема предвид временската рамка на обврските, како и предлозите од затворената дебата, по што Програмскиот колегиум на МТВ1 одлучи:
Васил Гарванлиев,со авторски тим составен од етаблирани музички имиња, кои имаат остварено успешни музички проекти, да ја претставува Македонија на Евросонг 2020.

**ТОЧКА 5: Информација по однос на корекциите на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
По оваа точка присутна беше само Слаѓана Миливојевиќ претседател на Синдикалната организација при МРТ која кажа дека на минатата седница испратен допис до Програмскиот совет на МРТ со побарано мислење од гранковиот Синдикат во кој членуба Синдикалната организација според кое мислење стои дека одредбите во Колективниот договор на МРТ не се во спортивност со законските прописи и тоа за нас како Синдикална организација е најважно во случајов, и дека ние сме на став ваквиот Колективен договор каков што го потпишавме заеднички со советот да остане ист и да не се менува.

Досега во пракса не се исплатени од стран на МРТ само оние кои поднеле барање а не живеат на иста адреса по лична карта со починатиот.
Директорот на заеднички служби Горан Атанасов информираше пред присутните членови дека се планира уште една средба помеѓу сите засеганати странки во Колективниот договор, како би се додефинирале и допрецизирале одредбите во Колективниот договор.
Анита Латифи со прашање зошто не водеше Синдикалната организација на МРТ од некои други претпријатија или државни органи при изготување на Колективниот договор и во нив да пресликаше членовите кои сега претставуват проблем и се спорни.
Слаѓана Миливојевиќ претседател на Синдикалната организација при МРТ објасни дека во другите претпријатија или органи и министерства Синдикалните организации имаат и приходи по други различни основи што им дава можност за поинакви регулации и решенија на ваквите проблеми.

Членот Снежана Клинчарова по расправата по оваа точка предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и Директорот на заеднички функции и администрација во МРТ да организираат состанок со претставници на Синдикланата организација при МРТ, Секторот за правни работи во МРТ и Секторот за финансии во МРТ и да изнајдат конечно решение за проблемите околу Колективниот договор на МРТ, и во рок од 10 дена тоа решение да го достават до Програмскиот совет на МРТ на разгледување.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6: Разно.**
По оваа точка беше договорено наредна седница на Програмскиот совет на МРТ да има на 06.02.2020 година во 12:00 часот, со единствена точка на дневен ред: Избор на членови на Надзорен одбор на МРТ.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател